**О П Ш Т И Н А Ц Е Н Т А Р-С К О П Ј Е**

Предлагач: Градоначалник

Изготвувач: Сектор за

поддршка на Градоначалник

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година за финансирање на здруженија и фондации

**април 2021 година, Скопје**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2021 година на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 26/20) и Правилникот за постапката и начинот на распределба на финансиски средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 21/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 63. седница, одржана на _____.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за распределба на средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година за финансирање на здруженија и фондации

### Член 1

Општина Центар-Скопје распиша Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите што беше објавен на 14.1.2021 година.

### Член 2

Во 2021 година се финансираат следниве здруженија:

1. Здружение на граѓани за поддршка на шумарството и животната средина ТРИФОР Скопје, проект: „Селекција на адекватни видови дрвја што се дел од урбаното зеленило за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните во Центар"........................................................ 160.000,00 ден.
2. Фондација за промовирање на иновативно учење, едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје, проект: „ Нова реалност, нови можности. Учи, програмирај и забавувај се."...................................... 150.000,00 ден.
3. Здружение на граѓани за поддршка на лица со попреченост ОГЛЕДАЛО, проект: „Следење на ефектите од онлајн-наставата кај учениците со посебни образовни потреби"............................................ 150.000,00 ден.
4. Здружение на граѓани Совет на експерти за спорт, образование и наука СЕСОН, проект: „Градење доверба и толерантност меѓу младите од различни етнички заедници"............................................ 120.000,00 ден.
5. Српски културно информативен центар СПОНА - Скопје, проект: „С(Р)ЕЌАВАЊА - денови на создавање на скопското јадро, стар Центар"............................................................... 120.000,00 ден.

6. Центар за развој на демократијата АЛТЕР Скопје, проект: „ Училиште без насилство - СТОП за булингот"........................................ 110.000,00 ден.
7. Здружение за развој на општествената одговорност и унапредување на квалитет на животот МОЈОТ ПАТ - Скопје, проект:
„Ние сме во Центар"....................................................... 70.000,00 ден.
8. Здружение на граѓани за поддршка на трговија, инвестиции и граѓанско општество МДЦ-ТИ НЕТ Скопје, проект: „ Истражување на можностите за вклучување на неформалните собирачи на отпад во формалното управување со отпад во Општина Центар"........................... 60.000,00 ден.
9. Здружение на жените Србинки во РМ, проект: „Приказна ти раскажувам"................................................. 50.000,00 ден.
10. Здружение Дирекција за култура и уметност-Скопје, проект: „Скопско лето 2021" ...................................................................... 40.000,00 ден.
11. Здружение Хуманитарна организација на Горанците, Скопје, проект:
„Духот на Гора во Центар"................................................. 40.000,00 ден.
12. Здружение за современа уметност и кураторски практики Проектен простор ПРЕС ТУ ЕГЗИТ, проект: „Музејот на Оскар Хансен за Скопје: Архитектурата и теоријата на Отворена форма како инструмент за социјално димензионирање на уметноста"........................... 40.000,00 ден.
13. Прв Скопски Извиднички Одред ПСИО Скопје, проект:
„Неформална едукација и промоција на целите за одржлив развој Scouts for SDGs" ......................................................................35.000,00 ден.
14. Здружение за хумано општествен развој ПРОЕКТ СРЕЌА, проект: „ Детско драмско студио Неверленд" ............................................... 30.000,00 ден.
15. Установа Центар за современи уметности, проект: „Уметноста во и вон Мобилна/Монтажна галерија"..............................................30.000,00 ден.
16. Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничката толеранција ПРОФИЦИО, проект: „Повеќе млади девојки во ИТ секторот и техничките професии"............................. 30.000,00 ден.
17. Хорско музичко друштво Кочо Рацин, Скопје, проект: „Учество на хорскиот фестивал 'Мокрањчеви денови' во Србија"......................... 30.000,00 ден.
18. Здружение за културна мотивација „КУЛТИ-ВАТОР" - Скопје, проект: „Жапчиња 2021 - 10 детски претстави за учениците од основните училишта во Општина Центар"........................................... 30.000,00 ден.
19. Здружение на граѓани за деца, младинци, возрасни, родители и лица со посебни потреби Еурека Културен Центар Скопје, проект: „Флеш Моб под маски"...................................................................... 30.000,00 ден.
20. Здружение ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, проект: „Поддршка на Дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дроги и нивни семејства"................................................... 30.000,00 ден.
21. Здружение за култура и уметност КОЛЕКТИВ ВЕТЕРНИЦА, проект: „Арт клуб ВЕТЕРНИЦА"..................................................... 30.000,00 ден.
22. Граѓанска асоцијација за мултимедијална театарска уметност, креативности и култура СЕНКИ И ОБЛАЦИ Скопје, проект: „Сега му е мајката "..................................................................... 20.000,00 ден.
23. Сојуз на борците од народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија ОПШТИНСКИ ОДБОР ЦЕНТАР, проект: „Одбележување на историски настани и личности"........................................... 20.000,00 ден.

24. Интернационална организација за неформално образование на деца и млади ХЕСЕД Скопје, проект: „Ментор-тутор за секое дете во социјален ризик"...................................................................... 20.000,00 ден.
25. Здружение на инвалиди на трудот, проект: „Подобри услови за здружението"............................................................... 20.000,00 ден.
26. Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ, проект: „Ментална хигиена за деца во предшколска возраст"........... 20.000,00 ден.
27. Здружение за личен развој АРС ЛУЦИДА Скопје, проект: „Развивање на емоционалната интелигенција кај младите во време и по пандемија"................................................................... 15.000,00 ден.

**Член 3**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за поддршка на Градоначалник.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. __-_____/_

_____.2021 година

С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје

Претседател

Цветанка Симоновска

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Центар-Скопје ја спроведува Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2021 година со цел да го помогне функционирањето на здруженијата и фондациите што имаат седиште на територијата на Општина Центар, а наедно и да ја зајакне соработката помеѓу локалната власт и невладиниот сектор.

Во согласност со оваа Програма и Правилникот за постапката и начинот на распределба на финансиски средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Центар-Скопје за 2021 година и врз основа на Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр. 52/10), Општина Центар-Скопје објави Јавен повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите. Јавниот повик беше објавен на 14.1.2021 година на веб-страницата на Општина Центар-Скопје, а траеше 30 (триесет) дена од денот на објавувањето. До Архивата на Општина Центар-Скопје беа доставени вкупно 68 (шеесет и осум) пријави за финансиска поддршка, од кои шест пристигнаа по истекот на рокот за пријавување и воопшто не беа предмет на разгледување.

Од вкупно 68 пријави за финансиска поддршка, 60 здруженија и фондации имаа доставено комплетна документација и уредно пополнети образци за пријавување. Една пријава за финансиска поддршка беше уредно повлечена, а останатите 34 здруженија и фондации не ги исполнуваа целосно критериумите утврдени со Јавниот повик и Правилникот за постапката и начинот на распределба на финансиски средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите на Општина Центар-Скопје за 2021 година. Здруженијата и фондациите што беа одбиени од Комисијата за рангирање на пријавите од здруженијата/фондациите не доставија целосна документација, не дејствуваат на територија на Општина Центар-Скопје (станува збор за здруженија и фондации што се регистрирани со седиште на територија на Општина Карпош и Општина Аеродром), беа двојно финансирани за ист проект или предложија креативни решенија што се идентични со проекти што веќе се дел од програмите за работа на различни сектори во Општина Центар-Скопје и имаат активен договор за соработка со Општина Центар.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**